Бр./Nr 12-1646/1
29-05-2025 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3028/1 од 25.11.2024 година, со наводи за измама од страна на приматели на социјална помош, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Предметот со број 12-3028/1 од 25.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.09.2024 година, поднесена е пријава со наводи за измама од страна на приматели на социјална помош, и оформен е предмет број 12-3028/1 од 25.11.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да укаже на коруптивни дејствија и без да посочи незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на службената должност, наведува дека членови на семејството /// со адреса на живеење на ул. /// бр./// ///, ///, се корисници на надоместок за социјална помош и на надоместок за помош и нега од друго лице, и покрај тоа што поседуваат имот, имаат редовни месечни примања и приливи од странство во поголем износ. Воедно, подносителот во пријавата навел дека семејството скоро стекнало недвижен имот – куќа во ///.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување.

Имајќи предвид дека условите за стекнување право на парична помош од социјална заштита се утврдени во Законот за социјална заштита, во кој, во членот 316 е утврдено дека надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Министерството за социјална политика, демографија и млади, ДКСК одлучи предметот да го достави на надлежно постапување на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата